**ЗАПИСНИК**
**од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 13.04.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева Алексовска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Цветанка Митревска, Милаим Абдураими, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Ирена Смиљанска од ТВ 24Вести.

Г-дин Петрушевски ја отвори 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од првото продолжение на 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 04.04.2018 година.
2. Усвојување на предлог-записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.04.2018 година.
3. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 01.01.2018 до 31.03.2018 година.
4. Предлог-решение за запирање на постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација кај ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.
5. Информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2018 година.
6. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Одржување на „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 04.04.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.04.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски ја отвори дискусијата по однос на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 01.01.2018 до 31.03.2018 година.

Г-дин Фиданоски објасни дека некаде во содржината на кварталните извештаи прочитал дека „...до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во неколку наврати доставено е Барање од Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи на Република Македонија за намерата одредени верски заедници да основаат непрофитно радио". Во таа насока побара информација за кои верски заедници станува збор и дали тие кога го поднеле барањето ја искажале нивната идеја за каков формат се однесува?

Г-дин Трајчевски одговори дека Барањето беше доставено и на седница на Совет, односно Католичката црква поднесе барање за отворање на радио за Струмица на локално ниво и за Скопје на регионално ниво, но согласно дописот од Агенција за електронски комуникации беше одбиено поради немање слободни фреквенции. Исто така имаше барање и од Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи на Република Македонија.

Г-дин Петрушевски рече дека неговата дискусија по однос на извештаите ќе биде во насока на ставање позитивен акцент врз работењето на Агенцијата. Вложување на напорите на Агенцијата во врска со медиумската писменост до крајните корисници, на потрошувачите на медиумските содржини, овие одлични активности продолжуваат и натаму, и тоа е за секоја пофалба. Она што му недостасува во овие три месеци се резултатите од Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година и притоа изрази надеж дека ќе ги има во скора иднина. Иако како што рече не е поврзано со предложените извештаи но е поврзано со работата на Агенцијата, праша дали во следните три месеци ќе има резултат во врска со Стратегијата и каков е статусот со Анализата на новите медиуми каде што е инволвиран и Советот на Европа, односно дали во следните три месеци ќе има поконкретни резултати во однос на анализата?

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева одговори дека претходниот ден се консултирала со претставникот на Совет на Европа и добила информација дека тие работат согласно

определени процедури до кои се држат и дека во текот на наредната недела треба да биде избран експертот кој што ќе ја работи Анализата на новите медиуми. Објасни дека роковите за завршување на Анализата не зависат од Агенцијата иако сите сакаат да биде што поскоро во финална форма. Во таа насока рече дека не сака да прогнозира затоа што сепак зависи од Совет на Европа.

Г-дин Петрушевски во врска со Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година, рече дека е запознаен со моментот дека Стручната служба има многу обврски околу тековната редовна работа, посетување на конференции, вонредни надзори и сл.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева се согласи дека е така и објасни дека изработката на Стратегијата бара комплетна посветеност и континуитет во работата на повеќе вработени. Колегите од Секторите имаа премногу обврски во овој период но сепак секојдневно одвојуваат по еден час за меѓусебни консултации.

Г-дин Петрушевски информира дека во Тирана со колегата г-дин Фетаи биле одлично пречекани од страна на претставници на регулаторното тело за медиуми на Република Албанија (АМА). Истакна дека има услови да се продолжи со соработката и се надева дека во следното тромесечје како позитивен резултат ќе има и потпишување на меморандум за соработка.

Г-дин Фиданоски рече дека колку што нему му е познато, согласно Програмата за работа на Агенцијата за 2018 година што Советот ја усвои, донесувањето на Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година е зацртано за третиот квартал. Исто така рече дека тогаш инсистирал но не рекол дека е исклучиво инсистирање и бил флексибилен во смисла дека има комплетно разбирање дека Стручната служба има преобемна работа и од тие причини претпоставува дека приоритет во вториот квартал ќе се стави на Анализата на пазарот како една обемна анализа која што опфаќа повеќе сектори за нејзината изработка. Се разбира еден сектор е носител, но има соработка со повеќе сектори. Од тие причини претпоставува дека пред третиот квартал нема да се стигне да се направи, но битно е дека таа е зацртана дека оваа година ќе се донесе. Кога станува збор за анализите и квартални извештаи рече дека сака да ја пофали Стручната служба за изработката на Публикацијата за родот во телевизиските програми во 2017 година и Анализата за сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и издавачите на печатени медиуми за 2017 година. Објасни дека во ситуација кога имаше преоптоварување со други работни обврски, двата сектора, едниот правен другиот програмски, постигнаа да ги изработат и во таа насока искажа пофални зборови за двата сектора.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева појасни дека Анализата на пазарот ја работи само еден сектор и не се вклучени други сектори, поточно одделението за стратешко планирање. Во врска со Стратегијата објасни дека сите сектори секој за својот дел континуирано работат, па и Анализата на пазарот е еден дел од кој што треба да се извлечат заклучоци и да се дадат препораки. Секторот за стратешко планирање и авторски права во меѓувреме има одржано состаноци со регионалните телевизиите исто така и останатите сектори.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи предложеното решение за запирање на постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација кај ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип. Објасни дека оваа постапка беше покрената на седницата на Советот која се одржа на 22 февруари оваа година врз основа на поднесено барање од заинтересирана страна кое се базираше на дадено интервју на сопственикот на операторот РОБИ во интернет порталот МАКТЕЛ. Појасни дека во доставениот материјал за точката е приложен и транскрипт од целото интервју. Точно е рече дека дел од неговите изјави упатуваат дека постои поврзаност. Но, бидејќи Агенцијата работи врз основа на материјални докази, се обрати до Управата за јавни приходи и побара да ни достават неколку податоци: дали во периодот од 2013 до 2017 година се евидентирани позајмици од страна на операторот Роби кон Телевизија 24 Вести, потоа информација за висината на износот на тие позајмици и статусот дали се вратени позајмиците или не. УЈП ги достави податоците на 8 март 2018 година од кои што беше видно дека во текот на 2013, 2014 и 2015 година со контролата на овој даночен обврзник што управата го спровела врз ТВ 24 Вести констатирала дека во овие три години немало позајмици. Меѓутоа позајмици имало во 2016 и 2017 година, но во моментот на надзорот целокупниот износ бил веќе вратен. Истовремено Агенцијата се обратила и до самиот радиодифузер ТРД ТВ 24 Вести затоа што ЗААВМУ така и предвидува, кога ќе се покрене постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација, од радиодифузерот да се побара да ги достави сите податоци што се од значење за одлучувањето на Агенцијата за да се добие целосната слика. Радиодифузерот достави завршна сметка за претходната година, потоа конфирмација за отворени конта помеѓу ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и ТРД РОБИ ДООЕЛ Штип од каде што се гледа дека салдото е нула, не постојат побарувања и обврски помеѓу операторот и радиодифузерот и исто така достави изјава заверена на нотар од управителот на радиодифузерот во која што изјавува дека не постои недозволена медиумска концентрација помеѓу овие два субјекти, дека нема никакви обврски на денот кога ја дава изјавата, а тоа е видно од податоците од УЈП, и трето, дека приход кој произлегува по основ рекламирање за цела 2017 година, а за кои рекламни услуги се издадени фактури, што значи дека ТРД РОБИ ДООЕЛ Штип има учествувано во вкупниот приход на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип со само 6,5% од вкупниот приход кој го има остварено ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип по завршна сметка за цела 2017 година". Исто така објасни дека во материјалите се дадени податоците врз основа на документите за сопственоста на телевизијата и истите тие податоци веќе еднаш се доставени до Советот во вид на информација, но сега повторно ги има во материјалот од кои е видно дека физичките и правните лица кои што се основачи управители на радиодифузерот не се јавуваат како основачи на други на правни лица и трговски друштва во Република Македонија. Врз основа на увидот на целата оваа документација и сите факти кои што Агенцијата успеа да ги обезбеди, Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева рече дека не се обезбедуваат релевантни докази дека постои недозволена медиумска концентрација и во таа насока е даден предлогот да се донесе решение за запирање на постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација кај ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.

Г-дин Петрушевски рече дека интервјуто на г-дин Роберт Димитров кое го достави надворешно лице беше причина да се поведе постапката. Објасни дека Агенцијата и Советот не работат врз основа на кажани зборови кои што можат секако да

се толкуваат туку работат врз база на материјални докази од релевантни институции кои докажуваат дека нема недозволена медиумска концентрација или нема докази дека има. Информира дека во периодот кога бил член на Советот и бил вработен имал шанса службено да оди во просториите на Телекабел за проверки и дека тие секогаш биле исправни, секогаш ги имале потребните документи и при технички проверки секогаш биле во ред. Според него станува збор за една реномирана компанија и логично беше да не дозволат да направат вакви грешки или пропусти. Во врска со Телевизија 24 Вести рече дека немал толку непосредни контакти освен како гледач на програмата. На крајот додаде дека Агенцијата и Советот секогаш работат врз основа на релевантни документи и докази и бидејќи нема такви докази рече дека ќе го поддржи предлогот на Стручната служба, да се донесе решение за запирање на постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација кај ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што се заврши со овој случај, веќе неколку седници station наназад се намачиле и од сите аспекти се направила анализа. Тоа што тој и на минатите седници го истакнал е дека Советот го почитува Законот и ги спроведува неговите одредби. Она другото што е битно е сериозните телевизии каква програма пласираат до публиката. Телевизија 24 Вести е сериозна телевизија етаблирана во македонскиот медиумски пејзаж и добро е што се заврши со ваквата состојба за да може телевизијата да се занимава со нивните законски обврски а не да имаат чувство дека Агенцијата и Советот ги лови во смисла на недозволена медиумска концентрација. Во време кога пазарот и сето останато се либерализира и се саморегулира во смисла на тие кои имаат по професионална и по одговорна програма кон публиката и се по гледани, Агенцијата и Советот да се концентрираат кон мониторингот на тие содржини за да не ги прекршуваат стандардите кои се предвидени за нивната програма. Воглавно добро е и му е драго што се заврши ова постапка на ваков начин и се надева дека тие кои ја покренаа оваа иницијатива да се реализира ќе ги прифатат аргументите. Согласно материјалите се согледа дека нема законска основа за недозволена медиумска концентрација.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-198 од 12.04.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно донесе Решение за запирање на постапката за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, со текст како што беше предложено.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски рече да се информираат сите заинтересирани страни за одлуката на Советот.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата м-р Драгица Љубевска ја образложи Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2018 година. Информира дека фактурата за членарина за Европска платформа на регулаторни тела оваа година изнесува 3.065 евра што е во покачување во однос од минатата година кога изнесуваше

2400 евра. За зголемување на членарината е одлучено на 46-от состанок, одржан на 12 октомври 2017 година во Виена. Тогаш биле предложени три модели: Модел А – еднаква членарина за сите членови, Модел Б – еднаква членарина за сите членови, со исклучок на малите регулатори и Модел Ц – категоризирана членарина во зависност дали станува збор за мал, среден и голем регулатор. Одлучено е да биде Модел Б каде што сите членки ќе плаќаат иста членарина од 3.065 евра со исклучок на малите регулатори кои ќе плаќаат околу 2600 евра. Зголемувањето на годишната членарина, како што беше објаснето треба да придонесе за зајакнување на структурите за поддршка на ЕПРА, преку ангажирање на постојан административен асистент на Секретаријатот, но и за зголемување на целокупната одржливост на буџетот на асоцијацијата. На 7 декември 2017 година Агенцијата, поради промената на начинот на финансирање со укинувањето на радиодифузната такса во 2017 година, до Секретаријатот на ЕПРА достави барање за намалување на висината на членарината. Во барањето беше наведено дека Агенцијата не е сигурна колку нејзиниот буџет ќе биде стабилен и одржлив имајќи предвид дека е изменет начинот на нејзиното финансирање. Извршниот одбор на ЕПРА, на 17 јануари 2018 година го разгледа барањето, но поради големиот број на барања за отстапки од висината на членарината, одлучи исклучок да се направи само за малите регулатори, чиишто број на вработени не е поголем од пет. Одлуката на Извршниот одбор на 12 февруари беше доставена до Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека иако се работи за информација но бидејќи се работи за пари Советот треба да ги одобри парите со тоа што ќе ја прифати информацијата или не. Отвори дискусија.

Г-дин Фиданоски се изјасни дека нема дилеми дека треба да се поддржи информацијата. Членството во Европска платформа на регулаторни тела според негово убедување на Агенцијата ќе и донесе само бенефит. Средствата од 3.065 евра што треба да се уплатат нема да претставуваат никаква загуба, напротив ќе има полза и на годишно ниво и на подолг рок. Потоа даде позитивна забелешка во смисла дека ЕПРА не ја третира АААВМУ како мал регулатор туку како големо регулаторно тело.

Г-дин Петрушевски дополнително објасни дека учествувал на неколку конференции и колегите од сите соседни држави и самата конференција секогаш нашата државата ја третирале под името Република Македонија што за него е добро.

Советот на Агенцијата едногласно ја прифати Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2018 година бр.05-1190/2 од 11.04.2018 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи најдоцна до 27.04.2018 година да ги уплати средствата во висина од 3.065 евра за годишната членарина на Агенцијата за ЕПРА за 2018 година.

**Точка 6**

Раководителката на одделението јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Одржување на „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи". Објасни дека спроведувањето на оваа јавна набавка е за потребите на Секторот за стратешко планирање и авторски права поточно за потребите на одделението за заштита на авторски права. Бидејќи се работи за услуга се почитува член 17 став 7 од Законот за јавни набавки, според кој вредноста на договорот за услуги за превентивно одржување на софтверско решение на годишна основа не смее да надмине 20% од вкупната

вредност на договорот за јавна набавка на услуга за изработка на софтверско решение за потребите на договорниот орган и вредноста на адаптивното одржување. Оваа набавка ќе се додели врз основа на примена на постапка со преговарање без објавување на јавен оглас согласно член 99 став 1 Точка 1 алинеја 2 поврзано со заштита на ексклузивните права, патенти и сл., односно Договорот може да го изврши само еден економски оператор.

Г-дин Петрушевски рече дека претходниот ден го читал материјалот по точката и видел дека се работи за проценета вредност од 59.500,00 иљјади денари на годишно ниво без ДДВ. Пресметал дека месечно би било по 5.000,00 денари. За апликацијата рече дека е интересна пошироко за Република Македонија од причина што самото решение и базата на податоци се во АЕК. Агенцијата нема трошок за сервер, за лиценци и ова претставува модул направен специјално за АВМУ и затоа цените за одржување се вака ниски. Објасни дека во периодот кога се правела техничката спецификацијата тој бил член на Советот за радиодифузија и учествувал во компонирањето на барањата и мило му е што сеуште се користи.

Г-дин Трајчев рече независно од висината на износот треба да се види суштината. Неколку пати претходно разговарале околу овие софтвери, и праша дали кога се нарачуваат софтвери се презема и кодот за да е во сопственост на Агенцијата или само се купуваат апликативните решенија? Доколку се купува софтвер каде што Агенцијата не е сопственик на кодот тогаш е обврзана одржувањето да го прави сопственикот на source code и одржувањето може да биде поскапо од самата апликација. Праша дали оваа постапка на јавна набавка е од поодамна?

Г-дин Петрушевски одговори дека е оваа набавка потекнува од поодамна и сопственоста на source code е на производителот.

Раководителката на одделението јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска објасни дека станува збор за софтверско решение за кое што договорот е склучен во 2012 година кога Законот за јавни набавки не предвидуваше обврска кога се купува софтвер да се купи и кодот. Сега веќе е поинакво законското решение но во 2012 година немаше таква обврска и во тоа време никој не купуваше код. Сега има ограничување член 17 став 7 каде што се вели кога веќе не си го откупил кодот одржувањето не смее да биде поголемо од 20% од вредноста на софтверот што е набавен. Агенцијата влегува во овој износ.

Г-дин Петрушевски рече дополнително во овој случај Законот предвидува одговорните лица да влезат во постапка на преговарање и има можност за одреден попуст или ако се процени дека тоа за Агенцијата не е добро директорот може да не го потпише договорот.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1723/3 од 11.04.2018 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Одржување на „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи".

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - Одржување на дополнителниот модул на постојното апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи" е во согласност со член 17 став 7 од Законот за јавни набавки, според кој вредноста на договорот за услуги за превентивно одржување на софтверско решение на годишна основа не смее да надмине 20% од вкупната

вредност на договорот за јавна набавка на услуга за изработка на софтверско решение за потребите на договорниот орган и вредноста на адаптивното одржување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - Одржување на дополнителниот модул на постојното апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи" е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година (Пречистен текст), бр.05-514/2 од 26.01.2018 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година.

**Точка 7**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-1854/5**
**24.04. 2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**